

IPA Civil Society Facility and Media Programme 2018-2019 2020/420-896

# Стратегија за развој на женско претприемништво во Источен плански регион

# National Platform for Women Entrepreneurship

# Национална платформа за женско претприемништво

EuropeAid/167061/DD/ACT/MK

This project is co funded by the European Union

This project is implemented by:

# Содржина


**1. Вовед** ........ **4**

**2. Осврт на состојбата со женското претприемништво во Источен плански регион** ........ **5**

**3. Резиме на стратегијата** ........ **9**

**4. Начин и методологија за подготвување на стратегијата** ........ **10**

**5. Анализа на регионот и потенцијалите за женско претприемништво** ........ **11**

5.1 Местоположба ........ 11

5.2 Население и демографски карактеристики ........ 12

5.3 Природни ресурси ........ 12

5.4 Економски карактеристики на Источен плански регион ........ 13

5.5 Структура на претпријатија ........ 14

**6. Анализа на влијателни фактори** ........ **15**

**7. SWOT анализа** ........ **15**

**8. Стратешки цели за развој на женско претприемништво во Источен регион** ........ **17**

8.1 Мерки за остварување на стратешките цели ........ 19

**9. Следење и оценување** ........ **23**

**Прилог 1 – Листа на користени студии и документи** ........ **24**

Стратегијата за развој на женското претприемништво во Источен плански регион е изготвена за потребите на Националната платформа за женско претприемништво, а во рамки на проект финансиран од Европската Унија, а имплементиран од страна на „Здружението на бизнис жени во Македонија“, Фондација „МИР“ и „Сојуз на стопански комори“.
Изготвувач на Стратегијата: Ирена Мирчовска – Локален координатор за женско претприемништво за Источен плански регион.

## 1.ВОВЕД

**Иако има повеќе жени од мажи во Европа, жените претприемачки претставуваат само една третина од самовработените лица во ЕУ.**

Еднаквоста помеѓу мажите и жените воспоставува основни права за сите и основни вредности за секоја демократија.[1] Ова е загарантирано човеково право кое не само што треба да биде легално препознатливо, туку и ефективно да биде применето на сите сфери од животот: политичката, социјалната, економската и културната.

Од друга страна пак, постигнувањето на балансиран и одржлив економски развој е битен фактор за успешна општина или регион, како и за воспоставување на еднаквост меѓу жените и мажите.

Меѓутоа, повеќе од јасно е дека жените се помалку вклучени во бизнис активностите од мажите и дека родовата нееднаквост во претприемништвото треба да биде приоритет на државни политики кои ќе овозможат системска поддршка на женското претприемништво. Во последните десетина години е постигнат напредок во општествата и во законодавствата за надминување на родовата нееднаквост, но бариерите за женското претприемништво сè уште постојат. Постигнувањето на родова еднаквост е клучна определба и во Извештајот за родова еднаквост 2021 на Европската Унија каде посебно внимание се посветува на намалување на родовата нееднаквост од економски аспект. Во Стратегијата Европа 2020 (Europe 2020: A strategy for smart, sustainable and inclusive growth), една од целите е 75% на вработеност кај мажите и жените.

Според официјално објавените податоци, во нашата земја постои значајна родова нееднаквост. Вредностите за клучните меѓународни индикатори со кои се мери родовата избалансираност (пристап или вклученост на жените): Gender Inequality Index (UN) или индекс на родова нееднаквост; Global Gender Gap (World Economic Forum) или индекс на глобален родов јаз; и Social Institutions and Gender Index (OECD) или индекс за влијанието на општественото однесување на поединците, укажуваат на тоа дека индексот за родова еднаквост е понизок во однос на некои земји од регионот[2].

За да се намали родовата нееднаквост, при започнување со претприемништво, неопходна е поголема институционална поддршка и примена на сет на политики, но и согледување на причините и ограничувањата од социо-културен аспект. Според одредено истражување[3], констатација е дека во Северна Македонија жените имаат малку пониска перцепција за приликите од мажите (29% наспроти 32%), но повисоко ниво на страв од неуспех (43% наспроти 36%) и ниско ниво на самодоверба во однос на сопствените компетенции за започнување на деловен потфат (46% наспроти 64%). Затоа е потребно со вклучување на државните и локалните институции да се креираат соодветни политики, да се создадат услови за нивна имплементација, и да се усвои соодветна правна регулатива која ќе го поттикнува процесот на женското

[1] Европска повелба за рамноправност на мажите и жените во локалните заедници

[2] Индекс на родова еднаквост (mtsp.gov.mk)

[3] GEM

претприемништво. Сето тоа ќе придонесе за градење на позитивна општа перцепција за женско претприемништво, што на некој начин ќе создаде 2 Europe 2020: A strategy for smart, sustainable and inclusive growth)[4].

Иако постојат голем број извештаи во кои се наведени соодветни политики, постојат многу малку информации за нивна примена. Во нашата земја нема реализирано соодветно теоретско и емпириско истражување за тоа дали и колку се применуваат политиките за постигнување на родова еднаквост од економски аспект, што претставува еден предизвик и реална потреба за спроведување на соодветни истражувања во оваа област.

Женското претприемништво игра важна улога во развојот на економијата во нашата држава. Сепак, овој потенцијал нема да се искористи во целост сè додека не се креира соодветна бизнис клима. Поволни деловни услови значат: формирање на бизнис-мрежи на соработка, полесен пристап до информации, креирање на мерки за брзо и ефикасно зајакнување на компаниите, овозможување услови за следење на современите текови, овозможување услови за пристап до поголеми пазари, односно овозможување на услови за модерно управување со бизнисите за жените претприемачки да можат да го фатат чекорот во ова динамично и современо општество. Дополнително, состојбата со моменталната светска економска криза како и пандемијата Ковид-19 значително ги намали економските активности на жените, што доведе до намалување на продажбата на претпријатијата, намалување на бројот на вработени, во многу случаи и до затворање на компаниите. Начинот на водење на бизнис во изменети услови, балансот помеѓу работата и животот, непостоењето на социјални услови за помош на жените претприемачки, направија сериозна штета на одржливоста на компаниите.

## 2. ОСВРТ НА СОСТОЈБАТА СО ЖЕНСКОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Источниот Регион е претежно планински регион и го опфаќа крајниот исток на Република Северна Македонија. Се простира по течението на реката Брегалница, односно се протега низ Штипската, Малешевско-пијанечката Котлина и Кочанското Поле. Регионот зафаќа 14.2% од вкупната територија на Северна Македонија со 8.4% од вкупниот број на населението и со густина на населеност од 49.3 жители на км$^2$.

Како и во другите региони, приватниот сектор е главен двигател на економијата во нашата земја. Според податоците на Државниот завод за статистика, од вкупниот број на активни деловни субјекти во Република Северна Македонија (75914), 5799 или 7,94% во 2019 година[5] се регистрирани во Источниот плански регион. Ако го земеме во предвид бројот на жителите во регионот, може да се заклучи дека 8,4% од физичките лица и 7,64% од правните лица се со живеалиште односно седиште во Источниот плански регион. Бројот на активни деловни субјекти на 1000 жители во 2019 година е 33,37 и според овој индикатор Источниот регион е шести (ранг-6) во државата после Скопскиот, Вардарскиот, Пелагонискиот, Југоисточниот и Југозападниот плански регион. Од нив, најголем број, или

[4] преземено од https://sustainabledevelopment.un.org/ на 05.08.2021. 3 https://www.gemconsortium.org/ 4 Kelley, D. et al., Global Entrepreneurship Monitor – 2012 Women's Report, Babson College, 2013, стр. 49. 5 услови за севкупна поддршка на овој процес

[5] Податоците се за 2019 година, бидејќи е последна година за која Државен завод за статистика има извадено официјални податоци

1793 се во секторот Трговија на големо и мало, 849 се во секторот Преработувачка индустрија, 467 се во секторот Транспорт и складирање и 454 се во секторот Стручни научни и технички дејности.[6]

Дополнително, статистиката покажува дека најголем број на активни деловни субјекти во 2019 година има во општина Штип 1.927, потоа следува општина Кочани со 1.385, Делчево со 529 и Виница со 522. Вкупниот број на активни деловни субјекти во овие 4 општини сочинува 75% од вкупниот број во регионот. Најмалку активни деловни субјекти има во Зрновци и тоа 55. Ова е разбирливо со оглед на тоа што општините Штип, Кочани, Делчево и Виница имаат најголем број на жители, а општините Зрновци и Карбинци се најмали општини по број на население во Источниот плански регион. Најголем дел од деловните субјекти во секторот „Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли“ во 2019 година се концентрирани во Штип (579) и Кочани (461). На територијата на општина Штип се лоцирани и најголемиот број на преработувачки капацитети (295) и најголем број во секторот „Стручни, научни и технички дејности“ (184). Најголемиот број на активните деловни субјекти во секторот „Рударство и вадење на камен“ се лоцирани во Пробиштип и Кочани (по 5).[7]

Поради фактот што приватниот сектор учествува со најголем процент во бруто домашниот производ, во последните неколку години се превземаат низа на активности на национално и локално ниво за подобрување на економската моќ на компаниите како и отворање на нови компании. На пример, само во 2018 година, во Источниот регион се инвестирани вкупно 10839 милиони денари, од кои најмногу во секторот Градежништво – 4706, следно е Рударство и вадење на камен; Преработувачка индустрија; Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација, снабдување со вода, управување со отпад, санација на околината со 3142, и Трговија на големо и на мало; Поправка на моторни возила и мотоцикли; Транспорт и складирање; Објекти за сместување и сервисни дејности со храна со 1243. [8] Во зависност од трендовите и потребите, оваа бројка од година во година се менува, меѓутоа приоритетните сектори остануваат исти.

Во однос на природните ресурси - природно-географските, климатските и хидролошките карактеристики даваат потенцијал за производство на ориз, особено во Кочанското Поле, каде што се произведува ориз со познато географско потекло, додека Пијанечката и Малешевската Котлина се особено погодни за развој на овоштарството и градинарството. Поради специфичните геолошки карактеристики на планинските масиви во регионот, се врши експлоатација на олово-цинкова руда. Традиционално, во овој регион е развиена и текстилната индустрија и во него се лоцирани и голем број конфекциски капацитети. Планинските терени во овој регион претставуваат пак солиден потенцијал за развој на зимскиот и алтернативниот туризам, а постојат огромни потенцијали и за сите видови на рурален турзам. Меѓутоа, инвестирањето во земјоделството и туризмот е на незавидно ниво во однос на другите сектори. Во секторот земјоделство, шумарство и водостопанство инвестициите во однос на вкупните инвестиции во Источниот регион се само 3,2% во 2019 година.[9] Секторот туризам е во фаза на зачеток и се заснова главно на сезонски масовен туризам без посебна форма на организираност и функционирање.

Во однос на економската активност на населението, економски активното население ја опфаќа работната сила во земјата, односно лицата што се вработени, но и лицата што се невработени, но активно бараат работа. Лицата што се сметаат за економски

[6] Извор – Државен завод за статистика - www.stat.gov.mk › publikacii › Regionite-Regions-2020
[7] Програма за развој на Источен плански регион 2021-2026
[8] Извор – Државен завод за статистика - www.stat.gov.mk › publikacii › Regionite-Regions-2020
[9] Програма за развој на Источен плански регион 2021-2026

неактивни, или надвор од работната сила, се лицата што се невработени и не бараат работа и не се на располагање за вработување.

Во Република Северна Македонија жените се значително помалку активни на пазарот на трудот од мажите. Стапката на вработеност на жените во Северна Македонија во 2021 година изнесува 38.3%, односно 55.1 % од жените се економски неактивни. Споредбено, истата година, стапката на активно учество на мажите на пазарот на труд изнесува 56.2 %, додека пак стапката на неактивност е 32.8 %. Разликите во стапките на учество на жените и мажите на пазарот на труд доведуваат до родов јаз во стапката на вработеност кој во 2021 година изнесува 20.3 %. Стапката на вработеност е најголема кај жените и мажите на возраст од 35 до 44 години. Кај младото население на возраст од 15 до 29 години стапката на вработеност во 2021 година изнесува 33.4 %. Стапката на вработеност кај девојките и жените од истата возрасна група изнесува 27.6 %, наспроти 38.9 % кај момчињата и мажите. Мажите се речиси подеднакво застапени на пазарот на трудот во руралниот и урбаниот дел од државата, додека од вкупниот број вработени жени, значително е помал бројот на вработени во руралните средини (37 %). Жените се генерално помалку застапени и во формалното вработување со 41 % и во неформалното вработување со 33 %.

Во однос на состојбата со невработеноста на жените во Источен плански регион, според податоците на Агенцијата за вработување заклучно со 30.06.2023 година[10], има вкупно 3762 невработени жени од вкупно 7616 евидентирани невработени лица, или приближно 50%. Според возраста, најголем процент на невработени жени се од 50-59 години што е посебно загрижувачки бидејќи на таа возраст жените се сеуште работоспособни но најмалку барани на пазарот на трудот, според местото на живеење далеку поголем е бројот на нрвработени жени од градовите, а според националноста, над 90% од нив се македонки.

Од вкупниот број работодавачи во 2021 година, само 19 % се жени. Слично на тоа, 78 % од вработените за сопствена сметка се мажи додека 22 % се жени. Во 2021 година, најголем број на неплатени семејни работници се жените од руралните средини, со вкупен број од 18 634. Дополнително, 59 % од неактивните жени на возраст од 20-64 години се неактивни на пазарот на труд поради извршување на обврски наспроти 2.3 % од мажите.[11]

Ништо поразлична не е состојбата со женското претприемништво и во Источниот плански регион. Процентот на застапеност на женското претприемништво е мал, а и во однос на постоечките претприемништва водени од жени, најголем дел од нив се микро претпријатија, трговци поединци, занаетчии или даватели на услуги, регистрирани жени земјоделки или пак станува збор за наследени семејни компании со веќе разработен бизнис и стекнат капитал.

Во текот на мај 2022 – мај 2023 година, Националната платформа за женско претприемништво преку локалниот координатор за Источен плански регион, спроведе низа на активности и одржа голем број на состаноци со различни засегнати страни од регионот. Беа реализирани состаноци и потпишани Декларации за поддршка на женското претприемништво со вкупно 10 од 11 градоначалници од регионот, беа реализирани состаноци со десетина граѓански организации чиј приоритет е работа и поддршка на

[10] www.av.gov.mk (Веб страна на Агенција за вработување)

[11] Државен завод за статистика – Жените и мажите во Република Северна Македонија – 2023 година

жените и женското претприемништво, а беа остварени и голем број на средби со веќе постоечки жени претприемачи како и потенцијални жени претприемачи.

Од состаноците беа собрени информации во однос на состојбата со женското претприемништво по општините, а со тоа и во регионот. Во врска со бројот на активни жени претприемачи, според официјалните бројки најмногу жени претприемачки кои делуваат во различни сектори има во Штип и Кочани, што е и логично со оглед на фактот што ова се двете најголеми населени места во регионот, со најголем број на активни деловни субјекти (во 2020 година во Штип има вкупно 1854, а во Кочани 1320)[12]. За разлика од нив, во помалите општини ситуацијата е многу поразлична. Во општина Зрновци, од вкупно 55 активни деловни субјекти, само 1 е раководен од жена претприемач, која се занимава со консултантска дејност[13], а во општина Пехчево пак од вкупно 233 субјекти, 50 се водени од жени[14]. Добар процент на женски претприемништва во општина Пехчево се занимаваат со дејност дрвна индустрија, што укажува на фактот дека жените се носители на субјектот, но реално не се активни во дејноста.

Од ова можеме да заклучиме дека официјалните бројки во однос на женско претприемништво не ја отсликуваат реалната состојба. Од добиените информации на терен од различни засегнати страни (општини, Агенција за вработување, здруженија на граѓани, жени претприемачки) утврдено е дека најголем процент на женските претприемништва отпаѓаат на трговска дејност (трговија на големо и мало) и главно се регистрирани како ТП (трговци поединци), услужна дејност и занаетчиство (козметичарки, фризерки, масерки, даватели на услуги), земјоделие (регистрирани земјоделки) и тоа во најголем дел регистрирани заради користење на одредени поволности и бенифиции како и текстилна индустрија каде најчесто станува збор за микро или мали претпријатија. Многу е мал бројот, скоро занемарувачки на активни деловни субјекти кои се во сопственост и раководени од жени во останатите сектори. Од оние што ги има, најголем број се семејни субјекти кои ги наследиле жени или се микро или мали претпријатија.

Меѓутоа, доста е охрабрувачки пак податокот дека голем број на големи и успешни деловни субјекти од регионот се менаџирани од жени. На пример во компанијата „Макпрогрес“ од Виница, која брои околу 520 вработени, од вкупно 15 менаџери, 8 се жени и тоа доста успешни во делокругот на своето работење. Паралелно со тоа, е и фактот дека младите (жени) имаат навистина активно учество во иновативните процеси и значително придонесуваат за позитивните резултати на компаниите од кои се дел, а се доста препознатливи и успешни и во ИТ секторот.

По низа разговори и состаноци со активни жени претприемачи од регионот, како главни пречки за развој на бизнисот управуван од жени претприемачки беа наведени сивата економија и нелојална конкуренција, несоодветни владини мерки за поддршка на женското претприемништво, несинхронизираноста помеѓу институциите, непостоечки систем за пристап до финансии, мал пазар и мала побарувачка, потреби од обуки и пристап до знаење, недоволни капацитети, сложени процедури, недоволна мотивација и информираност а не е за занемарување и недовербата во иснтитуциите.

За таа цел, потребно е пред се промена на Владините и локалните политики како и повеќестран пристап со вклучување на повеќе засегнати страни кои можат да придонесат за стимулирање на економскиот раст преку отстранување на бариерите и воведување на

---

[12] https://makstat.stat.gov.mk/

[13] Извор: База на општина Зрновци

[14] Извор: Централен регистар на РС Македонија

иницијативи за имплементирање на обуки за претприемништво, тренинг, менторство и микрофинансирање на женски бизниси што би овозможило подобрување на квалитетот на женските бизниси за да бидат поодржливи и поиноватвни.

## 3. РЕЗИМЕ НА СТРАТЕГИЈАТА

**Визија на стратегија за женско претприемништво за Источен плански регион:** Зајакнато женско претприемништво во Источен плански регион со вклучување на повеќе чинители кои ќе придонесат кон формирање на соодветни услови за развој на женско претприемништво и развој на економијата воопшто .

**Цели на стратегијата**
**Општа цел:** Стратегијата за развој на женското претприемиштво во Источен плански регион има за цел економското јакнење на жените преку создавање на поволна бизнис клима и обезбедување поддршка за развој на нивниот претприемнички потенцијал со што ќе се придонесе кон развојот на постоечките и отворање на нови претпријатија, креирање на нови работни места, а со тоа и јакнење на целокупната економија. [15]

**Долгорочна цел:** Воспоставување на ефикасен, правилен систем за раст и развој на женско претприемништво во Источен регион;

**Среднорочни цели:**
-Подобрена клима, можности и услови за развој на ЖП во Источен Плански регион, како и активно вклучување во спроведувањето на стратегијата за ЖП на сите активни чинители.
-Зголемување на бројот на жени кои започнуваат сопствен бизнис;
-Зголемување на бројот на вработени во компании основани како ЖП;
-Зголемено нивото на вработеност на жени, со акцент на руралните жени.

**Стреташки цели:**

**Стратешка цел 1**: Поттикнување на домашните  и привлекување на странски инвестиции за женско претприемништво во сектори со конкурентска предност;

**Стратешка цел 2**: Подобрување на конкурентноста и иновацискиот потенцијал на постојните претпријатија водени и управувани од жени;

**Стратешка цел 3**: Промоција на женско претприемништво и диверзифицирање на економските активности во руралните средини;

**Стратешка цел 4**: Зајакнување на капацитетите и овозможување на услови за вклученост на жените во развој  на туризам и креирање на туристички можности;

**Стратешка цел 5**: Поддршка за бизнис инкубатори за женско претприемништво (обезбедување на бизнис центри и инфо центри за давање помош и поддршка на потенцијални жени претприемачи);

**Стратешка цел 6**: Унапредување на занаетчиството и промоција на жени – занаетчии.

[15] Општата цел на Стратегијата за женско претприемнштво за Источен регион е поистоветена односно превземена од Националната стратегија за женско претприемништво изработена од Министерство за економија

## 4. НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА СТРАТЕГИЈАТА

Во подготовката на Стратегијата за развој на женското претприемништво во Источен плански регион, беа вклучени лица од различни засегнати страни и тоа:

- ***Јавен сектор*** (Локални самоуправи) вклучувајќи ги и Градоначалниците на општините. Локалната самоуправа има интегрална улога во создавањето поволна средина со политики за распоредување средства, програми, образование и развој на вештини за поддршка на жените претприемачи. Локалната самоуправа беше вклучена во делот на презентирање на локалните политики и програми за женско претприемништво, обезбедување на податоци со кои располагаат општините, дефинирање на приоритети;

- ***Приватен сектор*** - компании водени и менаџирани од жени. Приватниот сектор има важни лидерски и застапувачки улоги со големи ефекти на работното место, пазарот и заедницата. Токму компаниите водени и управувани од жени ни беа главна водилка во дефинирањето на приоритетите и подготовката на стратегијата со оглед на фактот шт истите најдобро ги знаат позитивните страни, предности но и недостатоци и проблеми во претприемиштвото;

- ***Граѓански организации*** (НВО) - непрофитни, невладини организации и поединци кои играат клучна улога во поддршката на жените претприемачи, како и во комуникацијата со нив.

Методологија за изработка на Стратегија за развој на женско претприемништво во Источен плански регион се темели на:

- осврт на состојбата на женското претприемништво во регионот. За таа цел беа користени податоци од Државен завод за статистика, податоци од општините (Одделение за имотно-правни односи);

- очекувањата на претприемачките и релевантните учесници во општествениот живот во регионот (изразени преку непосредни состаноци и разговори);

- дефинирање на целите во согласност со целите и активностите на Европа 2020 и сите директиви на ЕУ насочени кон елиминирање на родовата нерамноправност, посебно во економската сфера на делеување;

- утврдување на поврзаноста со актуелните стратешки документи на Република Северна Македонија.

Стратегијата е изработена со користење на достапните секундарни извори на информации – различни истражувања и статистички информации од Државниот завод за статистика, Агенција за вработување, како и документи, стратегии, програми за развој на Источен плански регион.

При изработката на стратегијата, истата е прилагодена, односно е во согласност со Стратегија за развој на женско претприемништво во Република Македонија, 2019 - 2023 изработена од страна на Министерството за економија на РС Македонија.

Процесот на креирање на Стратегија за женско претриемништво за Источен плански регион се реализираше во неколку чекори:

1. Анализа на регионалниот контекст и потенцијал за женско претриемништво (што поседува регионот, анализа на бројот на компании во регионот, динамика на раст на економијата, управувачката структура на компаниите) ;

2. Вклучување на сите засегнати страни во стратегијата (поставување на процесите и начините на управување на регионалната стратегија за женско претриемништво преку креирање на Совети за женско претприемништво на ниво на микро-региони со вклучување на членови од сите засегнати страни – локална самоуправа, бизнис сектор и НВО);

3. Идентификување на приоритети, односно стратешки цели;

4. Изработка на самиот документ – стратегија.

# 5. АНАЛИЗА НА РЕГИОНОТ И ПОТЕНЦИЈАЛИ ЗА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

## 5.1 Местоположба

Источниот плански регион го опфаќа сливното подрачје на реката Брегалница и тоа речиси 82% од неговата територија. Регионот на сливното подрачје на реката Брегалница кој го зафаќа крајниот источен дел од Република Северна Македонија лежи во централниот дел на Балканскиот Полуостров. Источниот плански регион од источната страна се граничи со Република Бугарија, на север се граничи со Североисточниот плански регион, на запад со Вардарскиот плански регион, а на југ со Југоисточниот плански регион. Во регионот има 10 планини: од кои 2 планини целосно му припаѓаат на регионот: Голак со Обозна и Бејаз Тепе, а 8 планини кои припаѓаат делумно: Осоговски Планини, Влаина, Малешевски Планини, Плачковица, Огражден, Готен, Манговица и Серта. Највисок врв е Руен на Осоговските Планини со височина од 2252 m.




Сл.1 Местоположба на регионот

Според податоците за 2021 година, во регионот живее 8,37% од вкупното население во Република Северна Македонија. Регионот има вкупна површина од 3537,3 km2, односно 13,8% од вкупната површина на државата, со густина на населеност од 49,1 жители на km2, што го прави шести регион во државата по густина на население. За споредба просечната густина на население во земјата изнесува 80,75 жители/km2. Вкупно 11 општини го сочинуваат Источниот плански регион: Берово, Виница, Делчево, Зрновци,

Карбинци, Кочани, Македонска Каменца, Пехчево, Пробиштип, Чешиново - Облешево и Штип.[16]

Од 11-те општини, осум имаат карактер на урбани средини и тоа: Штип, Пробиштип, Кочани, Виница, Каменица, Делчево, Пехчево и Берово, а три општини се рурални општини: Зрновци, Карбинци и Чешиново - Облешево. Во поглед на урбанизираноста, Источниот регион има вкупно 219 населени места, од кои 211 се карактеризирани како рурални населби - населби, каде живее само 32,7% од вкупното население од регионот.

## 5.2 Население и демографски карактеристики

Вкупно бројот на жители во регионот изнесува 181.858. Густината на населеност изнесува 51 жител/км$^2$. Поради перманентниот процес на депопулација, голем е бројот на раселени села, села со големина од 100 жители и села со изразено висок индекс на стареење. Оваа состојба доведува до концентрирање на околу 66% од населението во градските средини.[17]

Согласно споредбена анализа направена од Државен завод за статистика за број на население во регионот во 2002 и 2019 година, вкупен број на население во 2002 година е 181.858 жители, а во 2019 година 173.804 што укажува на фактот дека постои мигрирање на населението во регионот. Многу мал процент зголемување на бројот на населението има само во Делчево и Штип, а во сите други општини бројот на население е намален.

| Општина | Население (Попис 2002) | Население (2019)[4] | Површина[5] (km$^2$) | Густина (жит./ km$^2$) | Населени места[6] |
|---|---|---|---|---|---|
| Берово | 13.941 | 12.493 | 598,53 | 20,9 | 9 |
| Виница | 19.938 | 19.207 | 432,65 | 44,4 | 17 |
| Делчево | 17.505 | 15.722 | 422,40 | 37,2 | 22 |
| Зрновци - рурална општина | 3.264 | 2.920 | 55,82 | 52,3 | 3 |
| Карбинци - рурална општина | 4.012 | 3.904 | 229,08 | 17,0 | 29 |
| Кочани | 38.092 | 37.389 | 357,73 | 104,5 | 28 |
| Македонска Каменца | 8.110 | 7.335 | 192,90 | 38,0 | 9 |
| Пехчево | 5.517 | 4.722 | 208,20 | 22,7 | 7 |
| Пробиштип | 16.193 | 14.771 | 325,59 | 45,4 | 36 |
| Чешиново - Облешево - рурална општина | 7.490 | 6.651 | 132,34 | 50,3 | 14 |
| Штип | 47.796 | 48.690 | 582,04 | 83,7 | 44 |
| **ВКУПНО** | **181.858** | **173.804** | **3537,29** | **49,1** | **219** |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза, Агенција за катастар на недвижности – АКН ГИС*

## 5.3 Природни ресурси

Климатските услови во регионот се поволни за развој на земјоделството а особено за производство на ориз. Оризовите ниви од Источниот регион покриваат околу 95% од вкупното производство на ориз во Република Македонија. Ораниците и бавчите како дел од обработливите површини учествуваат со 84%. Земјоделското земјиште зафаќа

[16] Програма за развој на Источен плански регион 2021 – 2026 година

[17] www.eastregion.mk

површина од 165.639ха т.е. 14% од вкупната земјоделска површина во земјата, а дури 88.075ха т.е. 53.1% се пасишта.

Од особено значење се повеќето минерални извори како и термалните води во Виничко (Истибања) и Штипско (Кежовица).

Од водените ресурси со најголемо значење е реката Брегалница каде постојат две високи брани на акумулациите ″Калиманци″ и ″Кочанско Езеро″.

Вкупната површина која се наоѓа под шуми во регионот изнесува 135.378 ha односно 13% од вкупните шуми во Македонија, што е 38% од вкупната територија на регионот.

Од суровините и другите ресурси со кои располага овој регион, најважно економско значење имаат олово-цинканите руди од рудниците Злетово, Добрево и Каменица. Годишното производство на руда во овие рудници изнесува 1.000.000 тони.

Од неметалните оруднувања, најзастапени се азбестот, каолинските глини, опалска бреча, како и лежиштето на јаглен-лигнит ″Брик″ во Берово чија годишна експлотација изнесува 100.000 тони.

Доминантна земјоделска гранка во Источниот плански регион е поледелството и најважна жина култура оризот. Освен оризот, добра застапеност бележи и јачменот, пченицата и пченката што покажува дека постои солидна основа за сточарско производство. Поради одличните природни услови за развој на земјоделството, може да се заклучи дека оваа гранка има висок потенцијал да го забрза економскиот развој на овој регион. Исто така развиени гранки се и раноградинарството, овоштарството и лозарството.

Доминантна индустриска култура е и тутунот а, воедно Источниот регион е и најголем производител на компир во државата.

Голем потенцијал за развој и извоз постои кај сточарското производство, посебно овчарството и козарството. Потенцијалот е голем за развој на млечната и месната индустрија бидејќи дури 40% од свињарството во РС Македонија се реализира во регионот.

Според Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за период од 2018 до 2023 година (Службен весник бр.234 од 20.20.2018 година), според развојниот индекс, Источниот регион е на трето место од вкупно осум региони, зад Скопски и Југоисточен, со индекс 96,1, што означува нешто пониско ниво на развој на планскиот регион од просечниот развој на ниво на Република Северна Македонија. Економско-социјалниот индекс на регионот е поголем од националниот просек и изнесува 136,4 (втор после Скопскиот регион), додека демографскиот индекс е помал од националниот просек, и е најмал во споредба со останатите региони и изнесува 65,5.

## 5.4 Економски карактеристики на Источен плански регион

Источниот регион има економско-социјален индекс од 136,4, односно 36,4 индексни поени над државниот просек и според истиот се наоѓа на второ место после Скопскиот регион. Најзастапени се следниве сектори: Рударството, Преработувачката индустрија, Трговијата, Дејности во врска со недвижен имот, Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување; Образование; Дејности на здравствена и социјална заштита,

земјоделство, и градежништво. Иако доминира индустријата исклучително динамичен раст имаат и услугите. Регионот е земјоделско подрачје кој располага со значителна земјоделска површина и добри климатски и почвени услови за земјоделско производство кои не се целосно искористени. Во фаза на развој е и туризмот за кој исто така регионот располага со значајни потенцијали.

Во однос на инвестициите во основни средства, во период од 2015-2019 година, изразено во милиони, денари, инвестициите во Источен регион се движат во просек околу 10% од вкупните инвестиции во земјата.[18]

| Година | Р. С. Македонија | Источен регион | Удел на Источниот регион (%) |
|---|---|---|---|
| 2015 | 133.254 | 13.075 | 9,81 |
| 2016 | 145.040 | 11.846 | 8,17 |
| 2017 | 139.018 | 9.710 | 6,98 |
| 2018 | 132.387 | 10.839 | 8,18 |
| 2019 | 146.078 | 13.386 | 9,16 |

## 5.5 Структура на претпријатијата

Приватниот сектор е главен двигател на економијата во регионот, како и во земјата. Според податоците на Државниот завод за статистика, од вкупниот број на активни деловни субјекти во Република Северна Македонија (75914), 5799 или 7,94% во 2019 година се регистрирани во Источниот плански регион.

Број на активни деловни субјекти според бројот на вработени во РС Македонија и Источен регион:[19]

| Број на вработени | Република Северна Македонија | | | | | Источен плански регион | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
| Вкупно | 70.139 | 71.519 | 71.419 | 72.315 | 75.914 | 5.692 | 5.713 | 5.615 | 5.632 | 5.799 |
| 0 вработени или без податок | 7.329 | 8.057 | 7.888 | 8.221 | 7.565 | 459 | 495 | 475 | 501 | 428 |
| 1-9 | 56.261 | 56.725 | 56.658 | 57.184 | 61.265 | 4.579 | 4.559 | 4.475 | 4.479 | 4.701 |
| 10-49 | 4.979 | 5.141 | 5.255 | 5.271 | 5.448 | 448 | 457 | 464 | 459 | 480 |
| 50-249 | 1.339 | 1.363 | 1.382 | 1.399 | 1.404 | 184 | 179 | 180 | 173 | 172 |
| 250+ | 231 | 233 | 236 | 240 | 232 | 22 | 23 | 21 | 20 | 18 |

Ако го земеме во предвид бројот на жителите во регионот, може да се заклучи дека 8,4% од физичките лица и 7,64% од правните лица се со живеалиште односно седиште во Источниот плански регион. Бројот на активни деловни субјекти на 1000 жители во 2019 година е 33,37 и според овој индикатор Источниот регион е шести (ранг-6) во државата после Скопскиот, Вардарскиот, Пелагонискиот, Југоисточниот и Југозападниот плански регион. Од нив, најголем број, или 1793 се во секторот Трговија на големо и мало, 849 се

[18] Државен завод за статистика, Макстат датабаза

[19] Државен завод за статистика, Макстат датабаза

во секторот Преработувачка индустрија, 467 се во секторот Транспорт и складирање и 454 се во секторот Стручни научни и технички дејности.

Дополнително, статистиката покажува дека најголем број на активни деловни субјекти во 2019 година има во општина Штип 1.927, потоа следува општина Кочани со 1.385, Делчево со 529 и Виница со 522. Вкупниот број на активни деловни субјекти во овие 4 општини сочинува 75% од вкупниот број во регионот. Најмалку активни деловни субјекти има во Зрновци и тоа 55. Ова е разбирливо со оглед на тоа што општините Штип, Кочани, Делчево и Виница имаат најголем број на жители, а општините Зрновци и Карбинци се најмали општини по број на население во Источниот плански регион. Најголем дел од деловните субјекти во секторот „Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли“ во 2019 година се концентрирани во Штип (579) и Кочани (461). На територијата на општина Штип се лоцирани и најголемиот број на преработувачки капацитети (295) и најголем број во секторот „Стручни, научни и технички дејности“ (184). Најголемиот број на активните деловни субјекти во секторот „Рударство и вадење на камен“ се лоцирани во Пробиштип и Кочани (по 5).

## 6. АНАЛИЗА НА ВЛИЈАТЕЛНИ ФАКТОРИ

За потребите на изработка на оваа стратегија побарани се и официјални, релевантни податоци од повеќе институции од земјата, во врска со број на невработени жени во ррегионот и по општини, број на корисници на мерки и програми од Агенција за вработување на регионално ниво и по општини, како и број на активни субјекти чии сопственици се жени и кои се управувани од жени на регионално ниво и по општини од општините во регионот, Централен регистар на РСМ, Управа за јавни приходи, Центар за развој на Источен плански регион, регионална канцеларија на Сојуз на стопански комори, Адвокатска комора, Нотарска комора, Занаетчиска комора, Лекарска комора. До моментот на изработка на стратегијата, не добивме податоци од институциите кои функционираат на национално ниво за состојбата со женското претприемништво. Податоци добивме од дел од општините (воглавно помалите општини), дел од општинските канцеларии на Агенција за вработување како и Центарот за развој на источен плански регион. За жал, и од добиените одговори, дел од нив беа дека истите не располагаат со податоци од тој тип, што укажува на фактот што освен несоработката од страна на иснституциите на вакви или слични прашања, проблем е и фактот што скоро никаде не се достапни посебни евиденции по род.

## 7. SWOT анализа

За утврдување на состојбата во регионот, а со цел дефинирање на реалните приоритети кои се дел од стратегијата, направена е SWOT анализа која во себе вклучува јаки страни, слаби страни, можности и закани. Истата на систематски и организиран начин помага во идентификување и анализа на надворешните и внатрешните фактори и нивно меѓусебно поврзување.

| **Силни страни** | **Слаби страни** |
|---|---|
| -Дел од општините се во пограничен регион со земја членка на ЕУ;<br>-Квалификувана работна сила на сите нивоа;<br>-Релативно развиена индустрија во поголемите општини од регионот;<br>-Поволни услови и природни ресурси за развој на земјоделство и туризам;<br>- 4 ТИРЗ зони во регионот (Штип, Берово, Виница и Делчево);<br>- Ниска цена на работна сила;<br>- Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Академија за извршни менаџери „Прогресив“ – Виница;<br>- Расположливи програми и фондови на различни нивоа. | -Слаби извори на финансирање;<br>-Незаинтерисараност за воведување на иновации;<br>- Недоволен трансфер на знаење од бизнис секторот спрема образованието;<br>- Недоволна поврзаност помеѓу претпријатијата;<br>- Недоверба во институциите;<br>- Мал број на организации за поддршка на претпријатијата или претприемништвото (посебно на женско претприемништво);<br>-Недостаток на развиена иновациска/ претприемачка инфраструктура;<br>-Недоволна информираност и недоволен капацитет за спроведување на проекти и програми;<br>-Непостоење на доволно соодветни мерки за субвенционирање на компаниите; |
| **Можности** | **Закани** |
| -Промоција и привлекување на инвестиции;<br>-Воведување на програми за поддршка на претприемништво (женско претприемништво);<br>-Достапни програми за едукација на жените и младите за претприемништво;<br>Поголрм број на активни повици преку ФИТР, министерство за економија, Агенција за вработување;<br>-Достапни ЕУ Фондови;<br>-Можности за финансирање од домашни и странски фондации;<br>-Помош за жени претприемачи - Обезбедување на финансиска и друга помош за претпријатијата кои промовираат еднаквост меѓу половите;<br>-Поттик за жените да се обучат за вештини и да се здобијат со | -Моменталната светска економска криза;<br>-Иселување на населението;<br>-Неспроведување на закони (недоречености и неусогласености);<br>-Блокада или пречки во користењето на веќе одобрени финансиски фондови;<br>-Блокади од надворешни фактори за претходно добиени пазари. |

| | |
|---|---|
| квалификации за работи кои традиционално се сметале за “машки”;<br>-Потикнување за работодавците да регрутираат жени учесници и тренери за вештини, квалификации и позиции кои традиционално се сметани за “машки” и обратно | |

## 8. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ ЗА РАЗВОЈ НА ЖЕНСКОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО ИСТОЧЕН РЕГИОН

За изработка на квалитетна Стратегија за женско претприемништво за Источен регион, освен повеќестран пристап, потребно е и правилно и точно дефинирање на стратешките цели за развој.

По сериозниот и сеопфатен пристап за состојбата со женското претприемништво во регионот, вклучително и потребите, недостатоците, поволностите на жените претпримечки беа дефинирани општа цел, долгорочни и среднорочни цели како и стратешки цели кои во овој документ ќе бидат разработени и од нив дефинирани понатамошни мерки и препораки.

**Цели на стратегијата:**

**Општа цел:** Стратегијата за развој на женското претприемиштво во Источен плански регион има за цел економското јакнење на жените преку создавање на поволна бизнис клима и обезбедување поддршка за развој на нивниот претприемнички потенцијал со што ќе се придонесе кон развојот на постоечките и отворање на нови претпријатија, креирање на нови работни места, а со тоа и јакнење на целокупната економија.

**Долгорочна цел:** Воспоставување на ефикасен, правилен систем за раст и развој на женско претприемништво во Источен регион;

**Среднорочни цели:**
-Подобрена клима, можности и услови за развој на ЖП во Источен Плански регион, како и активно вклучување во спроведувањето на стратегијата за ЖП на сите активни чинители.
-Зголемување на бројот на жени кои започнуваат сопствен бизнис;
-Зголемување на бројот на вработени во компании основани како ЖП;
-Зголемено нивото на вработеност на жени, со акцент на руралните жени.

**Стратешки цели:**

**Стратешка цел 1**: *Поттикнување на домашните и привлекување на странски инвестиции за женско претприемништво.*

Финансиите се еден од клучните проблеми кои се пресуден фактор за основање и понатамошно растење на едно претприемништво. За таа цел, потребно е достапност до инвестиции (домашни и странски) кои ќе помогнат во креирањето и отпочнувањето со работа на едно претприменииштво. Достапните странски инвестиции најчесто се

наменети, односно може да ги користат општините, граѓанските организации и веќе постоечките субјекти кои имаат капацитет (финансиски и човечки), а домашните, иако малку на број, најчесто се доста обврзувачки (рокови за одржување на деловниот субјект, задолжителен број на вработени или временски период во кој бројот мора да се задржи) како и комплексни во однос на исполнување на условите за да истите може да се користат.

**Стратешка цел 2**: *Подобрување на конкурентноста и иновациският потенцијал на постојните претпријатија водени и управувани од жени*;

За да едно претприемништво биде конкурентно на пазарот и постојано да воведува иновативност во своето работење, потребно е да има пред сé доволно капацитет од аспект на човечки ресурси кои се целосно посветени по овие прашања. Градењето на капацитети бара време, посветеност и дополнителни финансии кои ретко кое претприемништво (барем кога станува збор за поединци, микро и мали претпријатија) може да си ги дозволи. За таа цел, потребно е воведување на програми кои ќе може да ги користат претпријаатијата водени и управувани од жени, кои ќе понудат менторирање, пренесување на знаења и вештини, креирање на програми и планови, следење на трендови и новини кои ќе помогнат да претприемништвото биде поконкурентно на пазарот.

**Стратешка цел 3**: *Промоција на женско претприемништво и диверзифицирање на економските активности во руралните средини*;

Добро познат е фактот дека во нашето опкружување, посебно во руралните средини женското претприемништво се уште е табу тема, односно постојат одредени стереотипи во однос на успешноста во работењето на жените како претприемачи. За тоа зборуваат и бројките на жени претприемачи во некои од руралните оштини во регионот (во општина Зрновци од вкупно 55 претприемништва, само 1 е водено од жена). Од друга страна пак, параметрите за успешност кај женските претприемништва се доста високи, што укажува на фактот дека жените можат да бидат, односно сé успешни претприемничи и добри лидерки. За да тоа го промени мислењето на граѓанската маса во руралните средини, потребно е да истото се промовира, се реализираат кампањи, се презентираат позитивни примери со што потенцијалните жени претприемачки кои имаат свои визии ќе излезат од сивата зона и ќе може да се реализираат како (успешни) претприемачки.

**Стратешка цел 4:** *Зајакнување на капацитетите и овозможување на услови за вклученост на жените во развој на туризам и креирање на туристички можности*;

Источниот регион има огромни потенцијали за развој на туризмот од кои многу малку се користат. Од расположливите туристички понуди, најголем дел се однесуваат на масовен туризам или се поврзани со одредени празници. Кога станува збор за рурален и алтернативен туризам, истиот е во фаза на зародиш само во мал дел места во регионот. Од друга страна пак, има огромен број на жени (посебно во руралните средини) кои имаат одредени вештини, креираат и создаваат, а се многу малце познати и достапни. Сето ова, со помош и поддршка од домашни или странски програми/фондови може да биде спакувано како туристички понуди кои ќе бидат препознатливи не само во земјата туку и пошироко.

**Стратешка цел 5:** *Поддршка за бизнис инкубатори за женско претприемништво (обезбедување на бизнис центри и инфо центри за давање помош и поддршка на потенцијални жени претприемачи)*;

Еден од клучните проблеми кој се провлекува во нашата земја, а кој се однесува и кај претприемништвата, е пристапот до информации. Не секогаш вистинската информација навремено и точно стигнува до оној на кој навистина му е потребна. Постојат недоречености во делот на законски и подзаконски акти, програми и процедури, неусогласеност помеѓу институциите, пренесување на надлежност и одговорност што доста често доведува до предвремено откажување на жените потенцијални претприемачи. Постоењето на бизнис инкубатори за женско претприемништво (кои во зависност од можностите може да бидат на општински, микрорегионално или регионално ниво) би значело достапност до вистинските и точни информации на едно место, во краток временски период, и истите ќе дадат помош и поддршка на оној на кој истата му е потребна.

**Стратешка цел 6:** *Унапредување на занаетчиството и промоција на жени – занаетчии.*

Занаетчиството како гранка е значајна алка во целиот екосистем, за која од особено значење е афирмацијата и промоцијата на занаетчиството, идниот развој на занаетите и унапредувањето на оваа дејност. За да истото се реализира, од посебна важност е начионот на водење на политиките и спроведување на мерки, создавање на услови за унапредување на занаетчиството и поддршка на занаетчиите во кој ќе бидат вклучени државата како целина, актуелните министерства и општините, секој во делокругот на своето работење и можностите (во насока на јакнење на капацитетите на занаетчиите преку организирање на обуки за поединечни занаетчиски дејности и креативни занаети, организирање на форуми, учество и организирање на промотивни активности (саеми), обуки за јакнење на свеста за придобивките од легализација на занаетчискиот бизнис и сл). Жените (вклучително и во нашиот регион) се доста креативни, секоја во делот на своите можности, но на крајот многу успешни во сработеното. Посебно кога станува збор за изработка на ракотворби, сувенири, знаменитости, специјалитети и производи од храна и сл. Воспоставувањето на систем за унапредување и развој на занаетчиството во кој ќе бидат вклучени жените ќе доведе и до нивна финансиска независност што е и еден од главните принципи на родовата еднаквост.

## 8.1 МЕРКИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

За остварување на стратешките цели врз основа на кои се темели оваа стратегија, потребно е дефинирање на конкретни мерки. Клучни актери во реализирањето на мерките и активностите чија цел ќе биде промени во политиките и подобрување на условите за развој на женското претприемништво во регионот и пошироко се државата, Владата и надлежните институции, во соработка со приватниот и граѓанскиот сектор.

| | |
|---|---|
| **Стратешка цел 1**: *Поттикнување на домашните и привлекување на странски инвестиции за женско претприемништво.* | Мерки:<br>- Идентификување на најпогодни сектори за женско претприемништво и спроведување на процес за паметна специјализација;<br>- Промоција на регионот, неговите конкурентски предности и инвестициски можности за женско претприемништво;<br>- Подобрување на инвестициската клима за женско претприемништво и овозможување на погодности за домашни инвеститори;<br>- Вмрежување на релевантните регионални, локални и национални институции за привлекување на домашни и странски инвестиции наменети за поттикнување и раст на женско претприемништво;<br>- Промовирање на успешни женски претприемништва од регионот. |

| | |
|---|---|
| **Стратешка цел 2**: *Подобрување на конкурентноста и иновацискиот потенцијал на постојните претпријатија водени и управувани од жени*; | - Воведување на нови технологии и иновации во претпријатијата водени и управувани од жени;<br>- Зајакнување на капацитетот на претпријатијата водени и управувани од жени за пристап до фондовите за подобрување на конкурентноста и иновацискиот потенцијал;<br>- Поттикнување на деловна соработка на деловните субјекти водени и управувани од жени, истражувачки центри, организациите за поддршка и други засегнати страни преку формирање на неформални групи / кластери;<br>- Зголемување на извозот и подобрување на конкурентноста на извозно ориентираните претпријатија водени и управувани од жени; |
| | |
| **Стратешка цел 3**: *Промоција на женско претприемништво и диверзифицирање на* | - Промоција и информирање за програмите за поддршка на жени во руралните средини; |

| | |
|---|---|
| *економските активности во руралните средини* | - Зајакнување на капацитети и поддршка на женско претприемништвото во руралните средини;<br><br>- Диверзификација на економски активности / можности за жени во руралните средини;<br><br>- Промоција на успешни женски претприемништва од руралните средини;<br><br>- Додадена вредност на женски претприемништва од руралните средини. |

| | |
|---|---|
| **Стратешка цел 4:** *Зајакнување на капацитетите и овозможување на услови за вклученост на жените во развој на туризам и креирање на туристички можности* | - Развивање и промоција на руралниот туризам со вклучување на руралната жена;<br><br>- Едукација, обука и квалификација на жени во туристичко - угостителскиот сектор;<br><br>- Поттикнување на вработување на жените во туристичко - угостителскиот сектор;<br><br>- Создавање на интегрирана регионална туристичка понуда со вклучување на голем број на жени; |

| | |
|---|---|
| **Стратешка цел 5:** *Поддршка за бизнис инкубатори за женско претприемништво (обезбедување на бизнис центри и инфо центри за давање помош и поддршка на потенцијални жени претприемачи)*; | - Обезбедување бизнис центри за поддршка при вработување на жени и создавање на женски претприемништва;<br><br>- Организирање на информативни семинари и состаноци со жени претприемачи и потенцијални жени претприемачи;<br><br>- Обезбедување веб-информации за жени претприемачи и потенцијални жени претприемачи;<br><br>- Вклучување на поголем број на институции, засегнати страни во работењето на центрите. |

| | |
|---|---|
| **Стратешка цел 6:** *Унапредување на занаетчиството и промоција на жени – занаетчии* | - Мапирање, заштита и валоризација на занаети во кои се вклучени жени;<br><br>- Воведување на систем за евиденција на жени занаетчии; |

| | |
|---|---|
| | - Промовирање на жени занаетчии на повеќе нивоа;<br><br>- Зачувување и развивање на занаетчиството во руралните средини;<br><br>- Промоција и информирање за програмите за поддршка на занаетчиството. |

## 9. СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ

За спроведување на стратегијата, потребно е внимателно следење на спроведувањето и оценка за да се осигура дека предложените мерки се ефективно спроведени.

Следењето на процесот е фокусиран на нивото на резултати и напредок, а оценувањето главно се однесува на остварување на целите, на стратегија за женско претриемништво на среден и долг рок. За да нешто може да се следи дали и во која мерка е спроведено, потребно е дефинирање на индикатори кои индикатори на ниво на стратешки цели ќе дадат квалитативни и квантитативни бројки за напредок на реализацијата на стратегијата.

Индикаторите ќе бидат дефинирани на ниво на конкретни мерки, кои ќе ја мерат успешноста на спроведување на мерките, а со тоа и на стратешките цели.

Податоците од следењето ја прикажуваат реалната состојбата во даден момент (например, статус на проектот или неговата имплементација). Следењето на процесот е непроценлива алатка за проверка на успешноста на имплементацијата и развојот на самата стратегија. Податоците за следењето претставуваат основа за хипотези за тоа зошто имплементацијата на стратегијата (не) се одвива според планот, а потоа оценувањето анализира зошто ова се случува и што може да се направи за да се смени (не) успешноста во спроведувањето на стратегијата.

Следењето на спроведувањето на стратегијата за женско претриемништво за Источен регион ќе биде направено од страна на Националната платорма за женско претприемништво. На ниво на регион, следењето на спроведување на стратегијата ќе биде под надлежност на советите за женско претприемништво кои функционираат на ниво на микрорегиони.

ПРИЛОГ 1 – Листа на користени студии, документи

- Национална стратегија за женско претприемништво;
- Програма за развој на Источен плански регион 2021-2026 година;
- Стратегија за регионален развој на Република Македонија 2009-2019;
- Европска повелба за рамноправност на мажите и жените во локалните заедници;
- Индекс на родова еднаквост (Министерство за труд и социјална политика);
- Global Entrepreneurship Monitor 2012 – Women's Report, Babson College;
- Стратегија за родова еднаквост 2022 - 2027;
- Родово сензитивни политики и практики за менаџмент со човечки ресурси по примерот на светските ИКТ компании;
- База на податоци МакСтат (Завод за Статистика на Република Северна Македонија);
- Статистички податоци (Агенција за вработување на Република Северна Македонија);
- Статистички податоци (Централен регистар на Република Северна Македонија)
- www.eastregion.mk (Веб страна на Центар за развој на Источен плански регион);
- Веб страни на општините во Источен плански регион

This publication was produced with the financial support of the European Union. Its contents are the sole responsibility of its authors and do not necessarily reflect the views of the European Union.